РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр. 02-2256/1
04-03-2022

Друштво за градежништво, трговија и услуги БАУЕР БГ ДОО
Бр. 03-7515
04.03 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 91 од Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир со арх. бр. 02-2911/8 од 14.07.2020 година, склучен помеѓу **Министерството за труд и социјална политика**, со седиште на улица Даме Груев број 14, Скопје арх. бр. 02-2911/8 од 14.07.2020 година и **Друштво за градежништво, трговија, услуги БАУЕР БГ ДОО, Скопје** арх.бр.03-170/3 од 24.07.2020 година, се склучува следниот:

# ДОГОВОР
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ОПШТИНА ЧАИР АРХ. БР. 02-2911/8 од 14.07.2020 година и АРХ.БР 03-170/3 од 24.07.2020 година

## Член 1

Во делот Договорни страни во точка 2 по зборовите „Изведувач“ се додаваат зборовите: Носител на група каде член на групата е и Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ, со ЕМБС 6630294, седиште на ул.101 бр.15 с. Желино, застапувано од овластено лице Елмедин Адеми, во понатамошниот текст: член на група - Изведувач (ГРУПНА ПОНУДА).

## Член 2

Член 13 се менува и истиот гласи:

Изведувачот е должен сите работи предвидени во член 2 да ги заврши најдоцна до 30.12.2022 година согласно ревидиран динамички план одобрен од Надзорен орган и доставен на 22.02.2022 година со МТСП арх.бр.03-811/15 кој претставува составен дел од овој договор. Доколку работите не бидат завршени во предвидениот рок, Договорниот орган ќе постапи согласно член 22 -26 и член 66 од договорот.
Носителот на групата за себе и за членот на групата ќе достави продолжување на банкарската гаранција за дополнителни 60 дена од договорениот рок, односно рокот утврден во став 1 од овој член за целосно завршување на работите предмет на договорот за јавна набавка.

## Член 3

Во членот 66 став 1 првата реченица се заменува со следниве реченици кои гласат:

Носителот на групата сам или заедно со членот на групата е должен на Нарачувачот да му достави банкарска гаранција во висина од 10 % од вредноста на Договорот без ДДВ, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на договорот. Носителот на групата и членот на групата можат да дадат банкарски гаранции чија вредност се дополнува до вкупната вредност од 10% од вредноста на договорот без вклучен ДДВ, а нивниот

соодност можат да го определат со меѓусебен договор. Договорниот орган односно нарачувачот ќе прифати и две банкарски гаранции од носителот на групата и членот на групата, доколку нивната вкупна вредност се надополнува до висината на бараната банкарска гаранција од 10% од вредноста на договорот без вклучен ДДВ. Во случај на непочитување на одредбите од овој договор, договорниот орган има право да ја активира банкарската гаранција како на носителот на групата, така и на членот на групата со оглед на тоа што и двата субјекти се неограничено и солидарно одговорни за обврските преземени со овој договор.
Останатиот дел од член 66 останува непрометет.

**Член 4**

Овој договор за изменување и дополнување на основниот догоовор се склучува врз основа на доставени акти согласно интерна процедура, како и врз основа на член 119 точка 5 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ бр. 24/2019 и Службен весник на Р.С.М. бр. 87/2021). Имено, договорот се изменува и дополнува поради доставување на нов ревидиран динамички план за изведување на работите и причините за негово прифаќање се наведени во соодветно образложение на Надзорниот орган.

**Член 5**

Во останатите членови основниот договор останува непрометет и важечки.

**Член 6**

Овој Договор е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **Министер,** | **Носител на група,** |
| | **Управител,** |
| **Јованка Тренчевска** | **Благој Димитров** |

**Прилог: Ревидиран динамички план одобрен од Надзорен орган со МТСП арх.бр.03-811/15 доставен на 22.02.2022 година**

Изготвил:Теодора Васиќ Петровска
Согласен:Славица Костовска
Контролирал:Љубица Панова